Ст.бр.20/2021

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Исмаил Елези, решавајќи по предлогот за отворање стечајна постапка поднесен од предлагачот Фљорије Рамадани од с.Грешница за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за автолакерски услуги,сообраќај и трговија ТОНИ-МИЛИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Грешница-Кичево со седиште во с.Грешница по одржаното рочиште, во присуство на стечајниот управник Агрон Арифи од Тетово, полномошникот на предлагачот Јулијана Велјаноска адвокат од Кичево, денес на ден 29.12.2021 година го донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот, Друштво за автолакерски услуги,сообраќај и трговија ТОНИ-МИЛИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Грешница-Кичево со седиште во с.Грешница-Кичево,со ЕМБС-6909019 и ЕДБ-4012013509495 е основано на 21.10.2013 година, приходна шифра 45.20-одржување и поправка на моторни возила со трансакциски сметки во: ХАЛК БАНКА АД Скопје 270069090178 и ТТК Банка АД Скопје број 290000001585613 стечајната постапка СЕ ОТВАРА, стечајната постапка не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РСМ, РРК-Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението банките: Халк Банка АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје да ги згаснат трансакционите сметки на должникот, а доколку има средства на нив истите да ги префрлат на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот Фљорије Рамадани поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност

Судот по добивањето на предлогот определи стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот

во доказна постапка ги изведе предложените докази на записник од 29.12.2021 година при што утврди дека се исполнети условите од чл.5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, бидејќи на должникот му претстои идна неликвидност.

Од извештајот на стечајниот управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ.бр.20/2021 од 29.12.2021 година.**

**Стечаен судија,**
**Исмаил Елези.с.р.**

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

Д-НО: -На полномошникот на Предлагачот, Јулијана Вељаноска адвокат од Кичево
- Должникот
- стечаен управник,
-Огласна табла
-и веб страна на Основен Суд Кичево,
-УЈП-Кичево, а по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ, РРК-Гостивар, Халк Банка АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје.